# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 11 март 1996
Скопје
Број 12 Год. LII

Аконтацијата за 1996 година изнесува 6.000 денари. Овој број чини 300 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


**249.**

Врз основа на член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија и член 22 став 2 од Привремениот деловник на Собранието на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 март 1996 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Собранието на Република Македонија се избира

Тито Петковски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-893/1
6 март 1996 година
Скопје

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Блаже Филиповски**, с.р.

**250.**

Врз основа на член 24 од Законот за трговија („Службен весник на РМ“ бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“, бр. 38/90 и 63/94), Владата на Република Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

1. Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| -МБ-86 | до 8,865 |
| -МБ-98 | до 9,415 |
| -БМБ-95 | до 10,124 |
| б) Дизел гориво | |
| -Д-1 | до 7,282 |
| -Д-2 | до 7,139 |
| в) Масло за горење | |
| -Екстра лесно (ЕЛ) | до 7,351 |
| г) Мазут | до 5,143 ден./кг. |

2. Претпријатијата и другите правни лица, како и вршителите на дејност со личен труд што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што највисоките малопродажни цени изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| -МБ-86 | до 34,50 |
| -МБ-98 | до 36,50 |
| -БМБ-95 | до 36,50 |
| б) Гасно масло – дизел гориво | ден/лит. |
| -Д-1 | до 23,00 |
| -Д-2 | до 22,50 |
| в) Масло за горење | |
| -Екстра лесно (ЕЛ) | до 14,00 |
| г) Масло за горење (мазут) | до 6,10ден./кг. |

Цените од став 1 на оваа точка подточките „а“, „б“ и „в“ важат франко пумпна станица, а цената на подточката „г“ важи франко производител.

3. Во малопродажните цени утврдени со точка 2 од оваа одлука содржани се акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот.

4. Во цените од точка 2 на оваа одлука содржани се и трошоците за превоз од 0,260 денари за литар а трошоците на прометот изнесуваат:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| -МБ-86 | до 1,232 |
| -МБ-98 | до 1,306 |
| -БМБ-95 | до 1,402 |
| б) Дизел гориво | |
| -Д-1 | до 1,019 |
| -Д-2 | до 0,999 |
| в) Масло за горење | |
| -Екстра лесно (ЕЛ) | до 1,027 |
| г) Масло за горење (мазут) | до 0,257 ден./кг. |

5. Од износот на платените акции од точка 3 на оваа одлука Заводот за платен промет ќе врши уплата во износ од 9,18% на сметката на Фондот за пензиско-инвалидско осигурување.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-616/1
4 март 1996 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**251.**

Врз основа на член 56, став 3 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/95) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90), Владата донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ВИСОЧИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ТИПОТ НА МЕРИЛО И ЗА ПРЕГЛЕД НА ЕТАЛОНИ, МОСТРИ НА РЕФЕРЕНТИ МАТЕРИЈАЛИ И МЕРИЛА

1. За покривање на трошоците за испитување на типот на мерило, преглед на еталони, мостри на референтни материјали и мерила, подносителите на барањето за испитување на типот на мерило и преглед на еталони, мостри на референтни материјали и мерила

плаќаат надоместок во висина и на начин утврдени со оваа одлука и со Тарифа за надоместоци за преглед на мерила, што е составен дел на оваа одлука (во натамошниот текст: одлука).

2. Надоместокот на трошоците предвидени со оваа одлука се пресметува во бодови или по работен час.

Вредноста на еден бод изнесува 0,3% од последната просечна плата во Републиката, според соопштението на Заводот за статистика на Република Македонија.

Вредноста на работниот час изнесува 10% од последната просечна плата во Републиката, според соопштението на Заводот за статистика на Република Македонија.

3. Ако прегледот на мерилото се врши во лабораторија која што подносителот на барањето за преглед на мерилата ја формирал во свои простории, во смисла на член 47 став 5 од Законот за мерните единици и мерилата (во натамошниот текст: Закон), надоместокот за покривање на трошоците за преглед на мерилото предвидени со оваа одлука се намалува за 20%.

4. За првиот преглед на мерилата што масовно се произведуваат, а чиј процес на изработка или испитување е автоматизиран и го вршат производителите на мерилата според член 59 од Законот, производителот за секое произведено и жигосано мерило, плаќа надоместок во височина од 50% од надоместокот предвиден со оваа одлука.

Ако при прегледот се утврди дека жигосаните мерила од став 1 на оваа точка не се исправни, Заводот ќе изврши преглед на сите произведени мерила и ќе го наплати полниот износ на надоместокот.

5. За покривање на трошоците за преглед на мерила наменети за извоз се плаќа 50% од надоместокот утврден со оваа одлука.

6. Ако испитувањето на типот на мерилата односно прегледот на еталони, мостри на референтни материјали и мерила се врши надвор од седиштето на Заводот за стандардизација и метрологија – патните и дневни трошоци на работниците што го вршат прегледот, паѓаат на терет на подносителот на барањето за преглед.

7. Надоместокот за покривање на трошоците според оваа одлука се уплатува на сметка на Заводот.

Средствата од став 1 на оваа точка, Заводот ги уплатува во корист на Буџетот на Република Македонија секој 20-ти во месецот.

8. Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за височина и начинот на плаќањето надоместок за покривање на трошоците за испитување на типот на мерило и за преглед на еталони, мостри на референтни материјали и мерила („Сл. весник на Република Македонија", бр. 84/92, 58/93 и 45/94).

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 23-476/1<br>4 март 1996 година<br>Скопје | Претседател на Владата на<br>Република Македонија,<br>**Бранко Црвенковски**, с.р. |

## ТАРИФА
## ЗА НАДОМЕСТОК ЗА ПРЕГЛЕД НА МЕРИЛА

### I. НАДОМЕСТОК ЗА ПРЕГЛЕД НА МЕРИЛА

А. Мерила за должина

| | Бод/парче | Шифра на видот на работата |
|---|---|---|
| 1. Материјализирани мери | | |
| 1) еднoделни мерила од дрво и сличен материјал во облик на стап | 2 | 01110 |
| 2) еднодeлни мерила од метал во облик на стап (линејки, летви и сл.) | | |
| а) до 2 m | 2 | 01121 |
| б) преку 2 m | 4 | 01122 |
| 3) сложиви мерила на зглобови од дрво и сличен материјал | 1 | 01130 |
| 4) сложиви мерила на зглобови од метал | 1 | 01140 |
| 5) мерила со мерна лента без висок: | | |
| а) до 5 m | 1 | 01151 |
| б) преку 5 m до 30 m | 3 | 01152 |
| в) преку 30 m до 50 m | 5 | 01153 |
| г) преку 50 m | 15 | 01154 |
| 6) мерила со мерна лента со висок : | | |
| а) до 10 m | 3 | 01161 |
| б) преку 10 m до 30 m | 6 | 01162 |
| в) преку 30 m | 10 | 01163 |
| 7) гранични планпаралелни мерила со класа на точност 1, 2 и 3 | 2 | 01170 |
| 2. Специјални мерила: | | |
| 1) подвижни мерила до 150 mm | 10 | 01210 |

| | Бод/парче | Шифра на видот на работата |
|---|---|---|
| 2) микрометри до 100 mm | 15 | 01220 |
| 3) мерила за дебелина на округла дрвена граѓа | 5 | 01230 |
| 4) мерила за широчина и наклон на колосек | 10 | 01240 |
| 5) либели (центрични, оптички, електронски и сл.) | 10 | 01250 |
| **Б. Мерила за површина** | | |
| 1. Планиметри (механички) | 5 | 02100 |
| **В. Мерила за зафатнина** | | |
| 1. Мерила за зафатнина на цврсти материјали : | | |
| 1) мерила за сипливи материјали | 1 | 03110 |
| 2) рамови за дрва | 5 | 03120 |
| 3) сандаци, рамови и други мерила за градежни материјали | 5 | 03130 |
| 2. Мерила за ограничена зафатнина на течности : | | |
| 1) лабораториски мерила за течности : | | |
| а) мерни тиквици до 2000 ml. | 0.5 | 03211 |
| б) мерни цилиндри | 0.5 | 03212 |
| в) пипети | 0.2 | 03213 |
| г) бирети | 0,2 | 03214 |
| д) меланжери | 0,2 | 03215 |
| 2) медицински инекциони шприцеви | | |
| а) стаклени | 0,5 | 03221 |
| б) пластични | 0,003 | 03222 |
| 3) угостителски садови (чаши, шишиња бокали) | 0.01 | 03230 |
| 4) мерни садови за складиштување (канти, балони и сл.) | | |
| а) до 50 l | 2 | 03241 |
| б) преку 50 l до 100 l | 3 | 03242 |
| 5) буриња и каци | | |
| а) до 100 l | 2 | 03251 |
| б) преку 100 l до 200 l | 5 | 03252 |
| 6) цистерни: | | |
| а) до 20 $m^3$ зафатнина | 140 | 03261 |
| б) преку 20 $m^3$ зафатнина | 250 | 03262 |
| 7) резервоари: | | |
| а) до 100 $m^3$ зафатнина | 150 | 03271 |
| б) преку 100 $m^3$ до 500 $m^3$ зафатнина | 250 | 03272 |
| в) преку 500 $m^3$ зафатнина | 500 | 03273 |
| 8) млекомери | 5 | 03280 |
| 3. Проточни мерила за зафатнина на течности: | | |
| 1) Водомери : | | |
| а) до 10 $m^3/h$ | 2 | 03311 |
| б) преку 10 $m^3/h$ до 50 $m^3/h$ | 3 | 03312 |
| в) преку 50 $m^3/h$ до 100 $m^3/h$ | 10 | 03313 |
| г) преку 100 $m^3/h$ до 200 $m^3/h$ | 20 | 03314 |
| д) преку 200 $m^3/h$ до 500 $m^3/h$ | 50 | 03315 |

| | Бод/парче | Шифра на видот на работата |
|---|---|---|
| ѓ) преку 500 $m^3/h$ | 100 | 03316 |
| 2) справи за мерење на течни горива и мазива | | |
| а) до 80 l/min | 100 | 03321 |
| б) над 80 l/min | 150 | 03322 |
| 3) справи за мерење на мешавини на течни горива и мазива | 50 | 03330 |
| 4) справи за мерење течен гас | 100 | 03340 |
| 5) броила за справи за мерење на течни горива | 50 | 03350 |
| 6) проточни мерила за разни течности: | | |
| а) до 500 l/min | 200 | 03361 |
| б) преку 500 l/min до 1000 l/min | 250 | 03362 |
| в) над 1000 l/min до 2000 l/min | 300 | 03363 |
| 4. Мерила за зафатнина на гасови : | | |
| 1) гасомери (плиномери) со течност | 5 | 03410 |
| 2) гасомери (плиномери) со мевови | | |
| а) до 16 $m^3/h$ | 10 | 03421 |
| б) преку 16 $m^3/h$ | 20 | 03422 |
| 3) гасомери со ротациони клипови | 20 | 03430 |
| 4) гасомери со турбина | 20 | 03440 |

Г. Мерила за маса

| | | |
|---|---|---|
| 1. Тегови : | | |
| 1) со класа на точност M2 | | |
| а) до 200 g | 2 | 05111 |
| б) над 200 g | 3 | 05112 |
| 2) со класа на точност M1 | | |
| а) до 20 kg | 4 | 05121 |
| б) преку 20 kg до 50 kg | 15 | 05122 |
| в) над 50 kg | 30 | 05123 |
| 3) класа на точност F1 и F2 | 20 | 05130 |
| 2. Ваги | | |
| 1) со неавтоматско функционирање, со класа на точност (I) и (II) : | | |
| а) прецизни ваги | 25 | 05211 |
| б) аналитички ваги | 50 | 05212 |
| 2) Ваги со неавтоматско функционирање, со класа на точност (III) и (IIII) со постојана положба на рамнотежата : | | |
| а) до 20 kg | 10 | 05221 |
| б) над 20 kg до 500 kg | 20 | 05222 |
| в) над 500 kg до 5000 kg | 40 | 05223 |
| г) над 5000 kg до 20000 kg | 90 | 05224 |
| д) над 20000 kg до 50000 kg | 140 | 05225 |
| ѓ) над 50000 kg | 280 | 05226 |
| 3) Ваги со неавтоматско функционирање, со класа на точност (III) и (IIII) со променлива положба на рамнотежата : | | |
| а) до 20 kg | 25 | |
| 05231 | | |
| б) над 20 kg до 500 kg | 30 | 05232 |
| в) над 500 kg до 5000 kg | 40 | 05233 |
| г) над 5000 kg до 20000 kg | 125 | 05234 |

| | Бод/парче | Шифра на видот на работата |
|---|---|---|
| д) над 20000 kg до 50000 kg | 360 | 05235 |
| ѓ) над 50000 kg | 500 | 05236 |
| 4) Електромеханички ваги со неавтоматско функционирање со класа на точност (III) и (IIII) со мерни претворувачи : | | |
| а) до 20 kg | 35 | 05241 |
| б) над 20 kg до 500 kg | 50 | 05242 |
| в) над 500 kg до 5000 kg | 70 | 05243 |
| г) над 5000 kg до 20000 kg | 170 | 05244 |
| д) над 20000 kg до 50000 kg | 420 | 05245 |
| ѓ) над 50000 kg | 500 | 05246 |
| 5) Ваги со автоматско и полуавтоматско функционирање (освен ваги на транспортна лента), за еден вид на измерен материјал: | | |
| а) до 50 kg | 100 | 05251 |
| б) над 50 kg до 500 kg | 150 | 05252 |
| в) над 500 kg | 200 | 05253 |
| Напомена за 5): За ваги за мерење на повеќе видови на материјал надоместокот се зголемува онолку пати колку видови на материјал се користат при испитувањето. За ваги за мерење на повеќе различни маси надоместокот се зглемува онолку пати колку различни маси сенситуваат: | | 05254 |
| 6) контролни ваги што на преглед ги поднесуваат производителите и лицата што поправаат и преправаат ваги : | | |
| а) до 50 kg | 50 | 05261 |
| б) над 50 kg | 100 | 05262 |
| 7) ваги на транспортна лента | 200 | 05270 |
| 8) мерна направа | | |
| а) механичка | 80 | 05280 |
| б) електронска | 100 | 05290 |

## Д. Мерила за притисок (напон)

| | | |
|---|---|---|
| 1. За општа намена: | | |
| 1) Манометри, вакуумметри, со еластичен мерен елемент: | | |
| а) со класа на точност 5; 4; 2,5 и 1,6 (погонски) | 5 | 06111 |
| б) со класа на точност 1; 0,6; и 0,5 (прецизни) | 10 | 06112 |
| 2) Мановакуумметри со еластичен мерен елемент: | | |
| а) со класа на точност 5; 4; 2,5 и 1,6 (погонски) | 7,5 | 06121 |
| б) со класа на точност 1; 0,6; и 0,5 (прецизни) | 15 | 06122 |
| 2. За посебна намена: | | |
| 1) манометри за мерење крвен притисок | | |
| а) механички | 15 | 06211 |
| б) електронски | 25 | 06212 |
| 2) манометри за мерење притисок во пневматици | 3 | 06220 |

## Ѓ. Мерила за густина

1. Ареометри (сахариметри, шпрометри,

| | Бод/парче | Шифра на видот на работата |
|---|---|---|
| лактодензиметри и уринометри) | 5 | 09100 |
| 2. Справи за мерење на зафатнинска (хектолитарска) маса на жито : | | |
| 1) со сад од 1/4 $dm^3$ (литри) | 30 | 09210 |
| 2) со сад од 1 $dm^3$ (литри) | 40 | 09220 |

Е. Мерила за концентрација (содржина)

| | | |
|---|---|---|
| 1. Алкохолометри | 10 | 10100 |
| 2. Етилометри | 50 | 10110 |
| 3. Ебулиоскопи | 18 | 10200 |
| 4. Бутирометри за млеко, павлака и сирење | 5 | 10300 |
| 5. Справи за мерење на влажноста на житото | 50 | 10400 |
| 6. Анализатори на гасови за контрола на издувни гасови кај моторни возила | 150 | 10500 |

Ж. Мерила за температура

| | | |
|---|---|---|
| 1. Медицински термометри : | | |
| 1) медицински (хумани) термометри - живини | 2 | 13110 |
| 2) медицински (хумани) термометри - електрични | 2 | 13120 |
| 3) ветеринарски термометри | 2 | 13130 |
| 4) инкубаторски термометри | 2 | 13140 |

З. Мерила за време

| | | |
|---|---|---|
| 1. Вклопни часовници за мерни групи | 5 | 14100 |
| 2. Механички и електромеханички секундометри | 5 | 14200 |
| 3. Електронски секундометри | 15 | 14300 |
| 4. Механички часовници за паркирање на возила | 3 | 14400 |
| 5. Електронски часовници за збирно паркирање на возила на паркилараишта и во гаражи | 20 | 14500 |
| 6. Вклопен часовник што се користи во телефонскиот и телеграфскиот сообраќај за поставување тарифа | 360 | 14600 |
| 7. Давач на тарифни импулси што се користи во телефонскиот и телеграфскиот сообраќај за поставување тарифа | 360 | 14700 |
| Напомена за 7.: За секоја испитана тарифа во телефонскиот и телеграфскиот сообраќај, надоместокот се зголемува за уште 20 % | | 14800 |

И. Мерила за електромагнетни големини

| | | |
|---|---|---|
| 1. Мерила за електрична струја, електричен напон и сродни глемини | | |
| 1) Амперметри | | |
| а) амперметри од класа на точност 0,5; 0,2; 0,1 и 0,05 за еден мерен опсег | 10 | 15111 |
| б) амперметри од класа на точност | | |

| | Бод/парче | Шифра на видот на работата |
|---|---|---|
| 5; 2,5; 1,5 и 1 за еден мерен опсег | 5 | 15112 |
| Напомена за 1): За секој натамошен опсег на кој мерилото се испитува целосно, надоместокот се зголемува за уште 100 %. | | 15113 |
| односно за секој натамошен опсег на кој мерилото се испитува делумно, надоместокот се зголемува за уште 10% | | 15114 |
| 2) Волтметри | | |
| а) волтметри од класа на точност 0,5; 0,2; 0,1 и 0,05 за еден мерен опсег | 10 | 15121 |
| б) волтметри од класа на точност 5; 2,5; 1,5 и 1 за еден мерен опсег | 5 | 15122 |
| Напомена за 2): За секој натамошен опсег на кој мерилото се испитува целосно, надоместокот се зголемува за уште 100 %. | | 15123 |
| односно за секој натамошен опсег на кој мерилото се испитува делумно, надоместокот се зголемува за уште 10% | | 15124 |
| 3) Струјни мерни трансформатори за Si 3,6 за основен опсег: | | |
| а) до 500 A | 10 | 15131 |
| б) над 500 A до 2000 A | 20 | 15132 |
| в) над 2000 A до 5000 A | 30 | 15133 |
| Напомена за 3): За секој натамошен опсег или друго јадро, надоместокот се зголемува за уште 100%. | | 15134 |
| 4) струјни мерни трансформатори над Si 3,6 за основен опсег: | | |
| а) струен трансформатор до Si 38 | 20 | 15141 |
| б) струен трансофрматор до Si 123 | 100 | 15142 |
| в) струен трансформатор до Si 245 | 200 | 15143 |
| г) струен трансформатор до Si 420 | 300 | 15144 |
| Напомена за 4): За секој натамошен опсег или друго јадро, надоместокот се зголемува за уште 100%. | | 15145 |
| 5) напонски мерни трансформатори за основен опсег | | |
| а) трансформатор до Si 38 | 15 | 15151 |
| б) трансформатор до Si 123 | 80 | 15152 |
| в) трансформатор до Si 245 | 160 | 15153 |
| г) трансформатор до Si 420 | 240 | 15154 |
| Напомена за 5): За секој натамошен опсег или друга намотка, надоместокот се зголемува за уште 100 %. | | 15155 |
| 2. Мерила за електрична моќност, електрична енергија и сродни големини: | | |
| 1) ватметри: | | |
| а) ватметри со класа на точност 0,5; 0,2; 0,1 и 0,05 за еден мерен опсег | 10 | 15211 |
| б) ватметри од класа на точност 5; | | |

| | Бод/парче | Шифра на видот на работата |
|---|---|---|
| 2,5; 1,5 и 1 за еден мерен опсег | 5 | 15212 |
| Напомена за 1): За секој натамошен опсег на кој мерилото се испитува целосно, надоместокот се зголемува за уште 100 %. | | 15213 |
| односно за секој натамошен опсег на кој мерилото се испитува делумно, надоместокот се зголемува за уште 10% | | 15214 |
| 2) Индукциони броила за активна електрична енергија со класа на точност 2,5 и 2 и реактивна електрична енергија, со класа на точност 3; | | |
| а) монофазно броило со еднотарифен бројчаник | 3 | 15221 |
| б) монофазно броило со тарифни или додатни направи | 4 | 15222 |
| в) трифазно броило со два, односно три система за задвижување и со еднотарифен бројчаник | 5 | 15223 |
| г) трифазно броило со два, односно три система за задвижување и со тарифни и додатни направи | 7 | 15224 |
| 3) Индукциони броила со активна електрична енергија, со класа на точност 1 и 0,5 : | | |
| а) Трифазно броило со два, односно три система за задвижување и со еднотарифен бројчаник | 30 | 15231 |
| б) трифазно броило со два, односно трисистема за задвижување и со тарифни и додатни направи | 35 | 15232 |
| 4) Статички (електронски) броила за активна електрична енергија, со класа на точност 0,2; S (0,2) и 0,5; S (0,5) и статички броила за реактивна електрична енергија : | | |
| а) монофазно броило со еднотарифен бројчаник | 20 | 15241 |
| б) монофазно броило со тарифни или додатни направи | 22 | 15242 |
| в) трифазно броило со еднотарифен бројчаник | 25 | 15243 |
| г) трифазно броило со тарифни и додатни направи | 30 | 15244 |
| За преглед на статички (електронски) броила што се наменети за мерење на електрична енергија во двете насоки, надоместокот од одредбата под 3 на овој тарифен број се зголемува за уште 30 %, | | 15245 |
| а за преглед на статички (електронски) броила (панели броила) што се наменети за мерење на активна и реактивна електрична енергија, надоместокот од одребата под 3 на овој тарифен број се зголемува за уште 100 %. | | 15246 |

| | Бод/парче | Шифра на видот на работата |
|---|---|---|
| 3. Мерила за електрична отпорност: | | |
| 1) омметри: | | |
| а) омметри од класа на точност 0,5; 0,2; 0,1 и 0,05 за еден мерен опсег | 10 | 15311 |
| б) омметри од класа на точност 5; 2,5; 1,5 и 1 за еден мерен опсег | 5 | 15312 |
| Напомена за 1): За секој натамошен опсег на кој мерилото се испитува целосно, надоместокот се зголемува за уште 100 %. | | 15313 |
| односно за секој натамошен опсег на кој мерилото се испитува делумно, надоместокот се зголемува за уште 10% | | 15314 |
| 2) Мерила за отпорност на заземјување | 10 | 15320 |
| 3) Мерила за отпорност на изолација | 10 | 15330 |
| 4) Мерила за отпорност на клучка (петља) | 10 | 15340 |
| **К. Мерила со специјална намена** | | |
| 1. Хронотахографи | 25 | 99100 |
| 2. Таксаметри | 20 | 99200 |
| 3. Мерила за контрола на брзината на возилата во движење (Доплерови радари и слично): | | |
| 1) ако прегледот се врши со споредбен метод | 70 | 99301 |
| 2) ако прегледот се врши по апсолутен метод | 100 | 99302 |
| 4. Мерила за количество на топлина (калориметри) | 30 | 99400 |
| 5. Сметачка единица на мерила за топлинска енергија со температурни давачи | 15 | 99500 |
| 6. Мерила за мерење на сила на кочење кај моторни возила | 200 | 99600 |

## II. НАДОМЕСТОК ВО ВРСКА СО ПРЕГЛЕДОТ

| | | |
|---|---|---|
| 1. За изнајмување на еталони, мерила и мерна опрема од Заводот, за секој започнат ден | 200 | 80100 |
| 2. За издавање на годишен жиг - налепница за овластените метролошки лаборатории | 1 | 80200 |
| 3. За издавање на налепница за означување на мерилата за кои прегледот не е задолжителен | 1 | 80300 |
| 4. За утврдување на исполнетоста на метролошките и други услови за мерила кои се увезуваат, надоместокот од овој тарифен став се наплатува 10% од предвидениот износ со оваа Тарифа | | 80400 |
| 5. За издавање на копие од подзаконски акти, документи и други меѓународни документи, по една страна | 1 | 80500 |

| | Бод/парче | Шифра на видот на работата |
|---|---|---|
| 6. За издавање на резултати од испитувањето на еталони, мостри на реферетни материјали и мерила, се наплатува двоен износ од предвидениот со оваа Тарифа | | 80600 |
| 7. За превоз на работници на Заводот и опрема за вршење прегледи на мерила со возило на Заводот, надоместот се наплатува за еден изминат километар 30% од важечката цена на супер бензинот (98 октана) | | 80700 |

## III. НАДОМЕСТОК ШТО СЕ НАПЛАТУВА ПО РАБОТЕН ЧАС

| | Шифра на видот на работата |
|---|---|
| 1. Испитување на типот на мерила | 80800 |
| 2. Преглед на еталони | 80900 |
| 3. Преглед на мостри на референтни материјали | 81000 |
| 4. Преглед на мерила што не се опфатени со глава I. од Тарифата | 81100 |
| 5. Времето на чекање на овластениот работник, ако подносителот на барањето не ги исполнил условите за преглед на мерила | 81200 |
| 6. Калибрирање на еталони, мерила и мерна опрема | 81300 |
| 7. Утврдување на исполнетоста на условите за отворање на метролошки лаборатории за преглед на еталони, мостри од референтни материјали и мерила | 81400 |

**252.**

Врз основа на член 52 точка 2 од Законот за заштита на животните од заразни болести што ја загрозуваат целата земја („Сл. лист СФРЈ“ бр. 43/86 и 53/91 и „Сл. весник на РМ“ бр. 83/92), кој со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија е преземен како републички пропис, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

### НАРЕДБА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПРОВОЗ ПРЕКУ ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЧАПУНКАРИ И НА ПРОИЗВОДИ, СУРОВИНИ И ОТПАДОЦИ ПО ПОТЕКЛО ОД ЧАПУНКАРИ ОД РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА

1. Наредбата за забрана на увоз во Република Македонија и провоз преку територијата на Република Македонија на чапункари и на производи, суровини и отпадоци по потекло од чапункари од Република Грција („Сл. весник на РМ“ бр. 51/95), престанува да важи.

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-1297/1
26 февруари 1996 година
Скопје

Министер
за земјоделство, шумарство и водостопанство,
**Никола Паракеов**, с.р.

**253.**

Врз основа на член 187 став 5 и член 216 став 2 од Законот за царини („Службен весник на РМ“, број 20/93), а во согласност со министерот за финансии, директорот на Царинската управа на Република Македонија издава

### НАРЕДБА ЗА ТАРИФАТА НА ТРОШОЦИ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ РАБОТНИК ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА СТОКИ ПОД ЦАРИНСКИ НАДЗОР И ЦАРИНЕЊЕ НА СТОКИ НАДВОР ОД МЕСТОТО, ОДНОСНО ПРОСТОРОТ ИЛИ ПРОСТОРИИТЕ ВО КОИ ЦАРИНАРНИЦАТА РЕДОВНО ВРШИ ЦАРИНСКИ НАДЗОР И ЦАРИНЕЊЕ НА СТОКАТА

1. Ако царинарницата, во смисла на член 187 од Законот за царини одобри сместување на стока под

царински надзор во царинско сместувалиште, консигнационен склад или во други простори и простории, надвор од местото во кое е седиштето на царинарницата односно на нејзината организациона единица, подносителот на барањето заради сместување на стоката под царински надзор, должен е на име трошоци за излегување на царинскиот работник да го плати износот пропишан со оваа наредба.

Пропишаниот износ со оваа наредба се плаќа и кога царинарницата, во смисла на член 216 став 1 од Законот за царини, одобри царинењето на стоката која се увезува односно извезува да се врши надвор од местото односно просториите или просторот во кој царинарницата редовно го врши царинењето.

2. Трошоците од точка 1 на оваа наредба подносителот на барањето ги плаќа за излегување на царинскиот работник во редовно работно време и во продолжено работно време. И во двата случаи подносителот на барањето го плаќа износот во денарска противвредност од 20 ДЕМ. за секој поминат саат на работа, според курсот на Народната банка на денот на конечното пресметување на трошоците.

Секој започнат саат на работа на царинскиот работник се смета како цел саат.

3. Подносителот на барањето е должен да плати и дневница и другите превозни трошоци на царинскиот работник, ако за тоа се исполнети условите од посебните прописи за правото на патни и дневни трошоци.

4. Пред излегувањето на царинскиот работник поради сместување на стока под царински надзор, односно царинење на стока, подносителот на барањето е должен со поднесување на барањето да уплати на депозитната сметка на царинарницата на име аконтација на трошоците износ од 1.500,00 денари.

5. Конечниот износ на трошоците пресметан по оваа наредба се уплатува на евидентна сметка на царинарницата, и претставува приход на Буџетот на Републиката.

6. Со денот на влегување во сила на оваа наредба, престанува да важи Наредбата за тарифата на трошоците за излегување заради царински надзор и царинење на стоки надвор од местото односно просторијата или просторот, во кој царинарницата редовно врши царински надзор и царинење на стоки („Службен лист на СФРЈ" број 37/76, 10/83, 17/87, 13/88, 84/89 и 59/90).

7. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија."

Број 02-3377/1
5 декември 1995 година
Скопје

Директор,
Илија Илоски, с.р.

254.

Врз основа на член 265 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ" бр. 45/86, 24/88, 80/89 и 29/90) кој согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија е преземен како републички закон, министерот за сообраќај и врски донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА ЛЕТАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗМАЕВИТЕ, ТВРДОКРИЛЦИТЕ И ПАРАГЛАЈДЕРИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на летање и користење на змаевите, тврдокрилците и параглајдерите *(FAI Hanggliders)*, (во натамошниот текст: летала).

Член 2

Под летала, во смисла на член 1 на овој правилник, се сметаат спортски летала од посебна категорија, на кои пилотот лета закачен за леталото *(Hanggliders)*, кои не спаѓаат во ИКАО (ICAO) и за чија употреба не се бара класична хомологација за воздухоплови и нè се издава пловидбеност.

Под Змај (Змеј, Делтаплан, Рогалово крило) *class 1: Hang Glider)* во смисла на овој правилник, се смета летало, со едноставна конструкција, изработено од метален скелет и платно, со кое се управува исклучиво со промена на положбата на тежиштето на пилотот на змајот, кое што може да биде полетано со затрчување и слетано исклучиво со енергијата и употребата на нозете на пилотот.

Под Тврдокрилец *(class 2: Hangglider Rigid Wing)* во смисла на овој правилник се смета летало, змај со цврста примарна структура и подвижни контролни површини. Тврдокрилецот се управува со промена на тежиштето на пилотот, со движење на контролните површини или комбинирано. Освен на нозе може да се слета и на тркало или скија.

Под Параглајдер (Параплан, Падобран за едрење) *(class 3: Paraglider)* во смисла на овој правилник се смета летало, со мека конструкција, составено од купола, конци и систем за врзување на пилотот, со кое се полетува со затрчување и слетува исклучиво со енергијата и употребата на нозете на пилотот, и со кое се управува со повлекување на командите за управување, со поместување на тежиштето на пилотот или комбинирано. Параглајдерот може да се управува и со деформација на куполата со влечење на неговите конци.

Со леталата од став 1 на овој член може да се полета и со помош на моторно возило, аеро запрега, чамец, вител, балон и слично.

Член 3

За летање може да се користи летало кое ги исполнува пропишаните услови и за кое е издаден атест.

По исклучок од став 1 на овој член, без атест може да се користи летало доколку е прототип или е самоградба но ги летаат само постари пилоти и наставници.

Леталата од став 2 на овој член може да се користат и за приземна основна обука на почетници на најголема височина од земја до 2 (два) метра.

Член 4

Леталата може да се користат ако се запишани во Книга за евиденција во Воздухопловниот сојуз на Македонија (во натамошниот текст: ВСМ).

Член 5

За упис на леталата во Книгата за евиденција се поднесува:

- барање (образец ЗТП-01),
- атест (со исклучок за прототипите и самоградбите).

Врз основа на овие документи, ВСМ ќе изврши упис во Книгата за евиденција и ќе издаде:

- УПИСЕН ЛИСТ (Образец ЗТП-02) и
- ИДЕНТИФИКАЦИСКА ТАБЛИЧКА (Образец ЗТП-03).

Обрасците (ЗТП-01, ЗТП-02 и ЗТП-03) се составен дел на овој правилник.

Член 6

Сопственикот односно корисникот на леталото го користи леталото во согласност со техничкото упатство за користење на леталото.

Член 7

Техничката исправност на леталото ја проверува пилотот, а техничката исправност на леталата на почетниците ја проверува наставникот.

Член 8

Со леталата може да лета лице ако има важечка дозвола за тоа летало, психофизички е способно и има исправно летало.

По исклучок од став 1, со летало може да лета лице од друга држава која не издава дозволи за овие летала, во придружба на домашно летачко друштво.

Член 9

Со летало може да управува лице кое наполнило 18 години.

По исклучок од став 1 на овој член, со змај и параглајдер може да управува лице кое наполнило 16 години, ако има писмена согласност од родител (старател).

Член 10

На практична обука на летало може да пристапи лице кое има завршено теоретска обука според пропишаната програма, психофизички е спремно, запишано е во книгата на ученици и е во придружба на наставник.

Член 11

За пилот на змај, тврдокрилец или параглајдер може да полага лице кое има завршено теоретска и практична обука предвидена со програмата за пилоти на овие летала и има мислење од наставникот по летање дека е спремен да полага за пилот.

Член 12

За стекнување на овластување постар пилот потребно е лицето да има завршено теоретска и практична обука предвидена со програмата за Постар пилот и мислење од наставникот дека е стручно способно за стекнување на овластување за Постар пилот.

Член 13

Постар пилот може да врши теоретска настава на почетници, може да биде раководител на организирани летања и да врши практична обука на почетници во присуство на наставник по летање.

Член 14

За наставник по летање може да полага лице кое има завршено теоретска и практична обука за наставник по летање според предвидената програма и има мислење од неговиот наставник дека е спремен да полага за наставник по летање.

Член 15

Наставникот по летање е одговорен за целокупната настава и обука на почетниците, пилотите и кандидатите за наставници по летање. Наставникот по летање оценува, дава мислење и потврдува кога кандидатите се спремни за добивање на овластувањата и кога се спремни за полагање на испитите.

Член 16

Писмена пријава за полагање испит и писмено барање за впишување на овластувањата, кандидатот поднесува до Министерството за сообраќај и врски – Дирекција за цивилна воздушна пловидба (во натамошниот текст: Дирекција).

Член 17

Испитите се полагаат според пропишаната програма пред комисија.

Член 18

Кандидатот што ги исполнува условите за полагање испит се известува за денот и местото на полагање на испитот во рок од 30 дена од денот на приемот на пријавата за полагање на испитот.

Денот на полагање испит не може да биде определен во рок помал од 15 дена и не поголем од 90 дена од денот на приемот на известувањето, освен ако кандидатот побара испитот да го полага пред тој рок.

Член 19

Кандидатот кој на теоретскиот дел од испитот нема да положи два предмета, може да полага поправен испит во рок кој не може да биде пократок од 30 дена ниту подолг од 60 дена, од денот кога му е соопштено дека не ги положил тие предмети.

Ако кандидатот на теоретскиот дел од испитот не положи повеќе од два предмета, повторно го полага испитот од сите предмети, во рок не помал од 90 дена од денот кога му е соопштено дека не го положил испитот.

На кандидатот што нема да го положи практичниот дел од испитот, му се признава положениот теоретски дел од испитот ако повторно полага испит во рок од 90 дена.

Член 20

Комисијата за полагање го оценува целокупниот успех на кандидатот на испитот со оценка: „положил" или „не положил" во рок од три дена од завршувањето на последниот испит.

Член 21

На барање на кандидатот кој го положил испитот, му се издава дозвола во рок од 8 дена.

При поднесување на барањето за издавање на дозвола кандидатот поднесува:

- решение за положениот испит,
- две фотографии,
- лекарско уверение од „Ц" категорија согласно Правилникот за здравствените услови за вршење на работите на воздухопловниот и другиот стручен персонал и посебни услови за обавување лекарски прегледи на воздухопловниот и другиот стручен персонал кои треба да ги исполнуваат здравствените организации на здружен труд (Службен лист на СФРЈ"81/89).

Инвалидите можат да летаат максимум во рамките предвидени со нивното лекарско уверение.

Дозволата (образец ЗТП-04) за пилот на змај-тврдокрилец-параглајдер е составен дел од овој правилник.

Член 22

Дозволите на пилотите важат пет години.

За продолжување на важноста на дозволата во рок до две години по нејзиното престанување на важење потребна е проверка и освежување на знаењето од

страна на наставник по летање и лекарско уверение од „Ц“ категорија.

Доколку дозволата не е продолжена во рок од две години од денот на престанување на важење на дозволата, за продолжување на истата кандидатот треба повторно да го полага испитот.

Член 23

Пилотот и ученикот треба да водат книшка на летањето во која се запишуваат податоците за извршените висински летови од преку 150 м височина и летови кои траат повеќе од 3 минути.

Книшката на летањето содржи податоци за летовите (број, датум, место на полетување и слетување, траење на летот, прелетано километри и др.), несреќите и тврдите приземјувања.

Податоците во книшката за време обука и проверка ги заверува наставникот.

Во книшката е задолжитено да се внесуваат летовите предвидени со програмите.

Книшката на летањето ја издава ВСМ.

Член 24

При организирање на спортско натпреварување и други јавни манифестации организаторот поставува раководител на летањето, кој обезбедува проверка на метеоролошката ситуација, одржува ред и дисциплина, летањето го координира со контролата на летањето, се грижи за спроведувањето на програмата на манифестацијата и презема мерки за одржување на безбедноста на летањето.

Член 25

На спортско натпреварување и други јавни манифестации, во близина на местото на полетување и определеното место за слетување, треба да има возило опремено со радиоаматерска (2м) радиостаница и опрема за давање на прва медицинска помош.

Член 26

Пилотот односно ученикот за време на летањето и практичната обука треба да носи заштитен шлем (кацига).

Член 27

При летање на релативна височина поголема од 100 метри потребно е носење на резервен падобран.

Член 28

Акробатско и егзибиционо летање со леталата не е дозволено на релативна височина помала од 150 метри.

По исклучок од став 1 од овој член за организирани акробатски и егзибициони летања на височина помала од 150 м. потребно е одобрение од Дирекцијата.

Член 29

На едно летало може да летаат најмногу две лица, од кои едниот е наставник или постар пилот.

Член 30

Ако пилотот лета сам, потребно е да го следи лице кое може да укаже помош.

Член 31

Временското растојание помеѓу две полетувања на една иста полетна патека треба да изнесува најмалку 30 секунди.

Член 32

Пред полетување пилотот треба да:
- ги предвиди најблиските места за слетување,
- ја провери метеоролошката состојба,
- го провери местото за полетување,
- ја провери исправноста на леталото и опремата,
- координира со службата за контрола на летањето.

Член 33

Ако две летала летаат на иста височина еден спрема друг, пилотите треба леталата да ги свртат десно, така што меѓусебното растојание да изнесува најмалку 50 метри.

Член 34

Ако патеките на летот на две летала се вкрстуваат, првенство на минување има леталото што доаѓа од десната страна.

Член 35

При претекнување на летало, првенство на пат има леталото кое лета испред. Леталото што претекнува треба да сврти во својата десна страна и да го претекне на растојание од најмалку 50 м.

Член 36

При средба на две летала на иста височина на падина, првенство на пат има леталото на кое падината му е од десната страна, а другото летало треба да сврти десно од падината.

Член 37

Не може да се претекнува ако падината на двете летала им се наоѓа од десната страна. Леталото што лета со поголема брзина треба да сврти и летот да го продолжи во спротивна насока. Ако на леталата падината им е од лева страна претекнување е дозволено така што леталото што лета со поголема брзина го претекнува леталото со помала брзина од десната страна.

Член 38

Ако повеќе летала летаат во ист термички столб на иста висина, првенство на пат има леталото што прво започнало да кружи. Леталата кои се вклучуваат во истиот термички столб треба да кружат во истата насока како другите летала, така што меѓусебно да се видливи.

Член 39

Кога повеќе летала истовремено слетуваат, првенство има леталото што лета на помала височина, освен ако друго летало е во фаза на финален долет или се наоѓа во опасност. Доколку леталата се сретнат на иста височина, треба да се раздвојат по висина. Првенство на слетување има леталото со помала маневарска способност.

Член 40

Со летала не смее да се лета во облак. Горната граница на користење на дигањето кај облаци е 150 м. под базата на облакот, 300 м. од страна на облакот и 300 м. над облакот.

Доколку во близина на облакот настане нагорно струење поголемо од 4 м. во секунда, пилотот треба да го напушти дигањето.

Не е дозволено летање за време на олуи и во близина на олујни облаци, ниту за време на магла.

Член 41

Со леталата не е дозволено летање на височини помали од 50 метри над далноводи, железнички пруги, жичари и други објекти.

Член 42

Не е дозволено летање под дејство на алкохол, дрога и друго психоактивно средство.

Член 43

Со леталата, по правило се лета дење.

По исклучок од став 1 на овој член летањето може да се дозволи ноќе ако:

1) пилотот има минимум овластување за постар пилот и најмалку 10 летови дење од местото каде сака да полета и слета ноќе;

2) метеоролошките услови се такви што видливоста да е најмалку 8 километри, а облачноста изнесува најмногу 4/8;

3) теренот за полетување и теренот за слетување се доволно осветлени јасно да се уочат на одалеченост од 1500 метри и ако на местото на полетување и на слетување има лица за испомош и возила на располагање и ако пилотот и лицата за испомош имаат радиоврска.

4) леталото е обележано со светло;

5) го пријави ноќното летање на службата за контрола на летањето.

Член 44

По слетување пилотот го трга леталото од местото за слетување и им го покажува правецот на ветерот на другите летала во воздух кои имаат намера да слетуваат доколку нема покажувач на ветер.

Член 45

Не е дозволено полетување при брзини на ветер поголеми од 12 м/сек. за змај и 7 м/сек. за параглајдер.

По исклучок од став 1 на овој член, можно е полетување на поголема брзина на ветерот, при организирани летања доколку раководителот на летањето тоа го одобри.

Член 46

